**20261392026**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 39 став (9) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ОФИЦЕР ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ СОГЛАСНО ЦЕНАТА НА АНГАЖИРАНИТЕ ОБУЧУВАЧИ, БРОЈОТ НА ОБУЧУВАЧИТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ОБУКАТА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ПОМИНАТАТА ОБУКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на реализација на Програмата за специјализирана обука за офицер за сајбер безбедност (во натамошниот текст: Програмата за специјализирана обука), висината на надоместокот согласно цената на ангажираните обучувачи, бројот на обучувачите и времетраењето на обуката, како и формата и содржината на сертификатот за поминатата обука.

Член 2

(1) Програмата за специјализирана обука се реализира од страна на Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерството), преку организирање и/или спроведување специјализирани обуки во училница или преку електронска платформа.

(2) Институциите, согласно идентификуваните потреби, од листата на достапни обуки во Програмата за специјализирани обуки која ја утврдило Министерството бираат обуки кои нивните офицери за сајбер безбедност ќе ги посетат во текот на годината за која се однесува програмата и подготвуваат годишен план за обуки на кој согласност дава Министерството.

(3) Врз основа на годишните планови од ставот (2) на овој член Министерството подготвува распоред на обуки со учесници по термини кои јавно се објавуваат на веб страницата на Министерството.

(4) Од страна на Министерството врз основа на распоредот од ставот (3) на овој член, електронски се известуваат сите учесници за датумот, времето и начинот на следење на обуката.

(5) Учесникот го потврдува своето учество со повратен одговор на електронската адреса на Министерството најдоцна пет работни дена пред одржување на обуката.

(6) Обуките можат да се организираат во училница (со физичко присуство) или преку електронска платформа.

(7) Начинот на организирање на обуките зависи од видот на обуката, бројот на пријавените учесници за обука, нивното местото на живеење и работа, како и техничките можности за нејзино одржување.

(8) Обуките во училница се спроведуваат во просториите на Министерството или на други избрани локации од страна на Министерството.

(9) Минималниот број на учесници за одржување на обука со физичко присуство е 10, а максималниот број е 25.

(10) Во случај на пријавување на помал број на учесници од минимумот пропишан во ставот (9) на овој член, пријавените учесници се распоредуваат за следење на обука за следниот предвиден термин согласно календарот за обука.

(11) За потребите на обуката, од страна на Министерството се обезбедуваат сите потребни материјали за обучувачите и за учесниците за обука.

(12) За спроведување на обуките, Министерството може да ангажира и високо образовни и/или научни установи и други специјализирани субјекти за спроведување на обуки од областа на сајбер безбедноста.

(13) За обуките кои се реализираат преку електронска платформа, Министерството овозможува пристап за секој учесник на обуката.

Член 3

(1) Надоместот за специјализирана обука за офицери за сајбер безбедност се плаќа од страна на работодавачите, односно јавните институции во кои се ангажирани офицерите за сајбер безбедност.

(2) Износот на надоместокот за обуката кој се определува од страна на министерот за дигитална трансформација, ги опфаќа вкупно направените трошоци за организација на обуката (изнајмување на простор, подготовка и печатење на материјали, превоз и храна за учесниците и други реални трошоци), како и трошоците за ангажирање на обучувачите, поделени на бројот на пријавени учесници на обуката.

(4) Од страна на секоја институција се плаќа надомест согласно бројот на пријавени учесници.

Член 4

(1) На специјализираните обуки се ангажираат најмалку еден, а најмногу шест обучувачи за една обука од Програмата.

(2) Вкупното времетраење на еден час специјализираната обука за офицери за сајбер безбедност е 45 минути.

(3) Вкупниот број на часови на специјализирана обука, во зависност од материјата која се обработува, се утврдува со Програмата за специјализирана обука.

Член 5

(1) По успешно поминување на обука, од страна на Министерството, на учесникот му се издава сертификат за помината специјализирана обука за офицер за сајбер безбедност.

(2) Сертификатот за помината обука се издава на бела кунздрук хартија во А4 формат и е даден во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1440/1
23 јуни 2026 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски с.**р.

ПРИЛОГ БР.1

Број ___________________

Датум __________________

Врз основа на член 39 став (3) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), Министерството за дигитална трансформација, издава

С Е Р Т И Ф И К А Т
За завршена специјализирана обука за офицер за сајбер безбедност

________________________________ (име и презиме), со _____________________

(матичен број на граѓанинот), вработен во _____________________________ на

работно место ______________________ во периодот од _____________ до

____________ успешно ја заврши специјализираната обука за офицер за сајбер безбедност

_________________________________ (назив на обуката).

**Министер за дигитална трансформација,**
**, с.р.**